У-5.бр.887/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Валентина Конеска- членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп, преку полномошник адвокат Кирил Топчиоски од Прилеп, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, за избор на најповолна понуда, по одржаната јавна усна расправа во присуство на полномошник на тужителот ДПГТ ИЗОФАС ДОО – Прилеп Кирил Топчиоски адвокат од Прилеп, овластениот претставник на тужениот орган, Зоран Трајановски од Скопје ,полномошник на заинтересирано лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица Роска Тодоровска Ашкапов од Скопје а во отсуство на заинтересирано лице СТЕНТОН Градба ДОО Долно Оризари Битола на 21.07.2021 година ја донесе а на 27.07.2021 година ја објави следната

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот да се задолжи тужениот да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 25.800,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки делумно ја уважила жалбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/26 за Дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 3, сите од 14.05.2021 година, донесени по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп, така што Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 од 14.05.2021 година за Дел 3 била поништена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека во конкретниот случај договорниот орган незаконски, без да го дочека резултатот од поведениот управен спор од страна на сега тужителот против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-451/12 од 22.04.2021 година, веднаш ја продолжил постапката за избор на најповолна понуда и ги донел одлуките за избор на најповолна понуда кои биле предмет на одлучување со конкретното оспорено решение. Истакна и дека во предметната постапка ги исполнува сите услови кои договорниот орган ги пропишан согласно Тендерската документација, а наведе и дека понудил и најниска цена од сите останати понудувачи кои ги исполнуваат условите и критериумите согласно Тендерската документација, која е критериум за доделување на договорот за јавна набавка. Наведе и дека образложението во доставените одлуки за избор на најповолна понуда е спротивно на членот 113 став 4 точка 2 од Законот за јавните набавки, бидејќи истото не е детално без наведување на конкретните причини за донесување на одлуките. Истакна и дека договорниот орган спротивно на членот 109 од Законот за јавните набавки, ги отфрлил како неприфатливи понудите на оние понудувачи од кои претходно при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, побарал појаснување и дополнување на документите.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение.

Заинтересираното лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица достави одговор на тужба бр.0306-1693 од 16.07.2021 година со предлог тужбата да де одбие како неоснована.

Заинтересирано лице СТЕНТОН Градба ДОО Долно Оризари Битола достави одговор на тужба со поднесок од 19.07.2021 година, кој е приклучен кон списите на предметот по одржаната јавна расправа, од причина што истиот бил погрешно споен кон другиот предмет. Во одговорот на тужба Заинтересирано лице СТЕНТОН Градба ДОО Долно Оризари Битола наведе дека тужениот орган правилно го донел сега оспореното решение, со предлог Судот тужбата на тужителот да ја одбие како неоснована.

Јавната расправа закажана за 21.07.2021 година се одржа во присуство на полномошникот на тужителот ДПГТ ИЗОФАС ДОО – Прилеп, адвокат Кирил Топчиоски од Прилеп, овластениот претставник на тужениот орган, Зоран Трајановски од Скопје ,полномошник на заинтересирано лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица Роска Тодоровска Ашкапов од Скопје во а во отсуство на заинтересирано лице СТЕНТОН Градба ДОО Долно Оризари Битола огласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот наведе дека останува во целост кон кон тужбата и наводите кон истата со сите докази кои што се приложени кон тужбата.

Преставникот на тужениот орган остана во се како во одговорот на тужба, и наведе дека во истата постапка тужениот орган претходно одлучувал при што ја утврдил фактичката состојба, па поради тоа согласно член 141 став 3 од Законот за јавни набавки, не расправал повторно за правната и фактичката состојба која претходно била утврдена. Наведе дека ова се однесува на прифатливоста на понудата на тужителот и предложи тужбата во целост да биде одбиена као неоснова.

Претставникот на заинтересираното лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, Роска Тодоровска Ашкапов изјави дека тужбата е неоснована при што остана во целост на наводите дадени во одговорт на тужбата и додаде дека со усвојување на тужбата ќе се нанесе поголема штета на избраните изведувачи бидејќи веќе се склучени договорите и издадени се и банкарски гаранции.

Заинтересираното лице ДППУ „СТЕНТОН Градба“ ДОО Битола, остана во целост кон писмениот одговор на тужба и наведе дека оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки е законито, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, Тековна сосотојба на ДПГТ ИЗОФАС ДОО – Прилеп бр.0805-50/150020210000168 од 20.01.2021година, Тековна сосотојба на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 0805-50/150020210267713 од 06.05.2021година, Одлуката за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ1 „Изградба и реконсктрукција на ул“Кеј 1 ви мај“ бр.08-21/24 од 14.05.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ2 „Реконсктрукција на ул„Трајко Николоски“- бр.08-21/26 од 14.05.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ 3 ,, Изградба на ул,, Целе Мавровски ,, и ул. Цане Илиоски „-Краци во Општина Прилеп“- бр.08-21/28 од 14.05.2021 година, Жалба од 20.05.2021 година, Писмено известување бр.19-21/19 од 06.05.2021 година, Известувања до понудувачи кои не се квалификувани за учество на Е-аукција, Одговор на тужба бр.09-581/25 од 21.06.2021 година, примен во Судот на 24.06.2021 година, Одговор на тужба од заинтересирано лице Жикол ДООЕЛ бр. 0306-1693 од 16.07.2021 година.Судот претходно извршил увид во Електронскиот систем за јавни набавки во досието за предметната јавна набавка по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Прилеп спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.08-21/1 од 03.02.2021 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 04.02.2021 година и во „Службен весник на РМ" како делива постапка на 3 дела и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената со спроведување на Е-аукција, а од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 15%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 05.03.2021 година пристигнале вкупно 9 (девет) понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отворањето на понудите од 05.03.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, како и по извршената евалуација на понудите, врз основа на Извештајот од спроведена постапка бр.19-21/22 од 14.05.2021 година и Извештаите за текот на е-аукцијата, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата и тоа: за Дел 1 и 2 понудата на економскиот оператор ИЗОФАС ДОО – Прилеп, а за Дел 3 понудата на економскиот оператор БИТЕМ ДООЕЛ – Скопје, кој предлог бил прифатен и биле донесени соодветни одлуки бр.08-21/12 за Дел 1, бр.08-21/13 и за Дел 3 бр.08-21/14, сите од 14.05.2021 година.

Против овие одлуки економскиот оператор ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со Решение бр.09-451/12 од 22.04.2021 година ја уважила, одлуките за избор на најповолна понуда за трите дела ги поништила и постапката ја вратила на повторно постапување пред договорниот орган во фаза на повторна евалуација на понудите со насоки за договорниот орган фазата на евалуација на понудите да ја изврши согласно членот 109 од Законот за јавните набавки, имајќи ги предвид пропишаните услови и критериуми согласно Тендерската документација, транспарентно и без ограничување на конкуренцијата помеѓу економските оператори и нивниот еднаков третман.

Постапувајќи согласно дадените насоки од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-451/12 од 22.04.2021 година, како и врз основа на повторниот Извештај од спроведена постапка бр.19-21/22 од 14.05.2021 година и извештаите за текот на Е-аукцијата, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата и тоа: за Дел 1 понудата на економскиот оператор СТЕНТОН ГРАДБА ДОО од село Долно Оризари – Битола, за Дел 2 понудата на економскиот оператор ЖИКОЛ ДООЕЛ – Скопје и за Дел 3 понудата на економскиот оператор ЕЛИНГ ДОО – Скопје, кој предлог бил прифатен и биле донесени соодветни одлуки бр.08-21/24 за Дел 1, бр.08-21/26 и за Дел 3 бр.08-21/28, сите од 14.05.2021 година.

Незадоволен од наведените одлуки, економскиот оператор – сега тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година делумно ја уважила жалбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/26 за Дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 3, сите од 14.05.2021 година, донесени по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп, така што Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 од 14.05.2021 година за Дел 3 била поништена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган. По однос на причините за донесување на ваквата одлука било образложено дека жалбените наводи на ИЗОФАС ДОО – Прилеп по однос на содржината на известувањето и одлуките за избор на најповолен понудувач биле неосновани, од причина што истите ги содржеле причините за донесување на соодветните одлуки, додека по однос на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, правилно ги отфрлила како неприфатливи оние понуди кои не биле целосни, додека за понудите на СТЕНТОН ГРАДБА ДОО од село Долно Оризари – Битола, жикол дооел – Струмица, БИТЕМ – Скопје и група понудувачи со носител ЕЛИНГ ДОО – Скопје, констатирала дека истите се доставени согласно бараните услови и критериуми од Тендерската документација, односно користењето на способноста на способноста од други субјекти била докажана со соодветен документ согласно бараното во точка 2.2.3 од Тендерската документација. Само по однос на жалбениот навод кој се однесува на комплетноста на документацијата за утврдување на способност за давателот на поддршката БЕЛ БОР ЕНО ДООЕЛ од село Дебреште – Долнени тужениот орган утврдил дека се основани и поради тоа Одлуката за избор на најповолен понудувач за Дел 3 бр.08-21/28 од 14.05.2021 година ја поништил и предметот го вратил на повторно постапување пред договорниот орган, со насоки при повторната евалуација договорниот орган да изврши правилна и целона евалуација на прифатливите понуди.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение делумно ја уважил жалбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп, така што Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 од 14.05.2021 година за Дел 3 била поништена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган, додека во останатиот дел констатирал дека постпаката била правилно изкаонито спроведена од страна на договорниот орган.

Имено согласно утврдената фактичка состојба во предметот, Судот смета дека избраниот понудувач за Делот 3 - економскиот оператор ЕЛИНГ ДОО – Скопје за користење на способноста на друг субјект не доставил соодветен валиден доказ согласно членот 96 став 3 од Законот за јавните набавки, за да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси, односно доставената изјава не била електронски потпишана од давателот на поддршката – БЕЛ БОР ЕНО ДООЕЛ од село Дебреште – Долнени.

Во останатиот дел, односно оние тужбени наводи кои се однесуваат на неправилности при спроведување на конкретната постапка за избор на најповолна понуда, конкретно дека содржината на одлуките и известувањата не била во согласност со членот 113 став 4 од Законот за јавните набавки, Судот констатира дека тужениот орган правилно одлучил кога ваквите жалбени наводи ги одбил како неосновани, со образложение дека во образложението на одлуките за избор на најповолен понудувач биле наведени сите причини за донесување на таквите одлуки, соодветно за секој економски оператор кој учествувал во конкретната постапка, било да се работи за прифатлива или пак за неприфатлива понуда, така што неприфатливите понуди не биле евалуирани и истите исклучени од понатамошна евалуација согласно членот 109 ставови 6 и 7 в.в. член 105 став 1 в.в. член 3 став 1 точки 10 и 11 од Законот за јавните набавки.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно констатирал дека конкретната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно Законот за јавните набавки, а евалуацијата на понудите, како и изборот на најповолна понуда биле спроведени согласно дадените услови и критериуми во Тендерската документација и позитивната законска и подзаконска регулатива од конкретната област.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот по однос на фактот дека договорниот орган не го чекал резултатот од поведениот спор против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-451/12 од 22.04.2021 година и веднаш ја продолжил постапката за избор на најповолна понуда и ги донел одлуките за избор на најповолна понуда кои биле предмет на одлучување со конкретното оспорено решение, но истите ги одби како неосновани, од причини што согласно членот 157 став 1 од Законот за јавните набавки в.в. член 15 став 1 од Законот за општата управна постапка, договорниот орган по одлучувањето на Државната

комисија за жалби по јавни набавки, може да ја продолжи постапката за избор на најповолна понуда.

Во однос на барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката и тоа за награда за пишување на писмени состави со паушал износ од 10.920,00 денари, судска такса за тужба со предлог за издавање на времена мерка и пресуда во износ од 1.520,00 денари, тековна состојба за тужен во износ од 256,00 денари, трошоци за застапување на рочиште согласно АТ во износ од 13.104,00 денари со паушал и часовнина или се во вкупен износ од 25.800,00 денари, Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето за надомест на трошоците во управно – судската постапка на тужителот го одби како неосновано, согласно одредбите од членот 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), согласно кои одредби, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката и одлучи како под II од изреката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 21.07.2021 година под У-5.бр.887/2021

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:

- тужител преку полномошник адвокат Кирил Топчиоски од Прилеп
- тужен орган
- заинтересирано лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица Роска Тодоровска Ашкапов од Скопје
- заинтересирано лице СТЕНТОН Градба ДОО Долно Оризари Битола

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник